ООУ„Панајот Гиновски“/ShFK “Panajot Ginovski”
Адреса/adresa: ул: „Ферид Бајрам” бр.30, Општина Бутел, Скопје/ rru.”Ferid Bajram” nr.30/Komuna Butel, Shkup
Tel/fax: 02 / 2621-416, oupanajotginovski@yahoo.com, ООУ „Панајот Гиновски“ (oоupanajotginovski.edu.mk)

# Кодекс на однесување

(УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ

ВО ООУ „Панајот Гиновски“ - Бутел

## Кодекс на однесување на учениците

## ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

I. *Основни норми и начела*

• Воспитанието и образованието се приоритет на секој ученик;

II. *Ликот на ученикот*

Ученикот треба:

• Да се стреми кон постигнување на подобри резултати вон наставата;

• Да се ангажира во воннаставните активности согласно своите можности и интереси;

• Да биде објективен,коректен и одговорен во однесувањето;

• Да ги почитува законските одредби во училиштето;

• Не користи алкохол, цигари и дрога во училиштето.

III. *Ученикот и учењето*

Ученикот треба:

• Да пројавува интерес за учење;

• Да развива способност и навика за учење;

• Да стекнува вештини за лично надоградување и организирање на слободното време;

IV. *Ученикот и наставниот час*

Ученикот треба:

• навреме и редовно да доаѓа на настава;

• задолжително да присуствува на часовите;

• за секое отсуство да приложи писмено или усно оправдување од родителот илистарател;

• да придонесува за создавање на позитивна атмосфера на часот;
• активно да се ангажира на часот;
• за време на часот мобилните телефони се исклучени;

V. *Ученикот и безбедноста*

Ученикот не смее:
• да носи на училиште ладно или огнено оружје и експлозивни направи;
• да се доведе во ситуација да го загрози личниот живот и животот на другите во училиштето;
• за безбедноста на личните предмети јасно си одговорноста;

## ПРАВИЛА НА КОЛЕКТИВЕН ЖИВОТ КОДЕКС НА УЧЕНИЦИТЕ

I. *Меѓусебните односи на учениците*

• Меѓусебно почитување.
• Решавање на конфликти со разговор.
• Меѓусебна соработка.

II. *Ученикот и училиштето*

- Да доаѓа навремено и редовно на настава
- Да доаѓа уредно и пристојно облечен
- Да придонесува за создавање на позитивна атмосфера на часот
- Да го чува училишниот инвентар, да не го оштетува.
- Да ги почитува правилата на училиштето.
- Да не ги оштетува ѕидните весници.
- Мобилните да бидат исклучени за време на часовите.

III. *Ученикот и семејството*

- Ученикот редовно да ги информира родителите за успесите и неуспесите.

- Да ги информира родителите кога ќе уништи дел од инвентарот.
- Редовно да ги известува за родителските средби.
- Доколку професорот или соучениците го малтретираат да ги информира родителите.

IV. *Ученикот и училишните служби*

- Ученикот треба да ги информира училишните служби за проблемите со кои се соочува.

Ученикот има право да побара помош од директорот, одделенските раководители,стручните соработници и одделенските и предметните наставници.

Доколку ученикот свесно не ги почитува овие начела и принципи, кон него ќе се превземаат соодветни педагошки мерки;

**Педагошки мерки**

1. Педагошките мерки се применуваат кон учениците кои ги прекршуваат правилата на училишниот живот
2. Педагошките мерки се применуваат во следните случаи:

◦ Нередовно посетување на училиштето
◦ Нарушување на правилата во однесувањето спрема другите ученици, наставници и возрасни
◦ Неправилен однос кон училишниот тим
◦ Попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето

**Педагошки мерки:**
Ги изрекува:
Усна опомена - Одделенски раководител
Писмена опомена - Одделенски раководител
укор - Одделенски раководител, наставнички, совет на наставници и директор
Намалување на поведението - наставнички, совет на наставници и директор

Преместување во друга паралелка - наставнички, совет на наставници и директор

3. За учениците од 1 до 4 одделение се применуваат првата и втората педагошка мерка, а за учениците од 5 до 8 одделение, сите педагошки мерки.
4. За изречена педагошка мерка на ученикот се известува родителот-старателот.
5. За изречените педагошки меркиод 3 до 6 дена се поднесува приговор до Училишниот одбор во рок од 7 дена од денот на известувањето.
6. Педагошкит мерки од 1 до 4 важат до крајот на учебната година во која се изречени, а кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот изречената педагошка мерка намалување на поведението се повлекува.

## КОДЕКС ЗА НАСТАВНИЦИ

- Да го почитуват времетраењето на часот,
- Да оценуваат реално,
- Да е пример со своето облекување и однесување,
- Да ја почитува личноста на секој ученик,
- Да ја почитува различноста на учениците, да не ги дискриминира,
- Да создава пријатна работна атмосфера,
- Да не влегуваат во конфликт со учениците,
- Да ги известуваат учениците за контролни задачи и тестови,
- Да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот,,
- Да внимава на својот говор, тој треба да е литературен и јасен
- Да настојува ученикот навреме да ги извршува своите задачи,
- Да ги почитува сите вработени во училиштето.

ООУ„Панајот Гиновски“/ShFK “Panajot Ginovski”
Адреса/adresa: ул: „Ферид Бајрам” бр.30, Општина Бутел, Скопје/ rru.”Ferid Bajram” nr.30/Komuna Butel, Shkup
Tel/fax: 02 / 2621-416, oupanajotginovski@yahoo.com, ООУ „Панајот Гиновски“ (oоupanajotginovski.edu.mk)

## КОДЕКС ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- Редовно информирајте се за успехот и поведението на вашето дете,
- Задолжително присустувајте на родителски средби,
- Навремено да ги оправдувдате отсуствата на часовите(во текот на неделата),
- За дополнителни разговори и консултации со наставниците почитувајте го времетраењето на часот,
- Почитувајте ги вработените во училиштето.

## КОДЕКС НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

- Вработениот навреме да доаѓа на работа.
- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа.
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и другите вработени.
- Вработениот треба да го почитува времетраењето на паузата и да не ја користи надвор од предвидениот временски рок.
- Вработениот со својот лик,однесување, говори култура треба да биде пример за учениците и за сите вработени.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- *Секој учесник во воспитно- образовниот процес се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс*
- *За непочитување и непридржување кон одредбите на овој кодекс одговорен е прекршителот лично.*